14-7207
11 JUN 2008

# ДОГОВОР

**За купопродажба**

Склучен на ден ______________ помеѓу

1. ГД"ГРАНИТ" АД Скопје , ул. Никола Парапунов б.б. , претставувано од Страшо Милковски, Генерален Директор преку овластено лице Филип Гошев Директор на Сектор за комерцијални работи, во понатамошниот текст:
   во понатамошен текст: Продавач
   жиро сметка: 300000000416263
   депонент на: Комерцијална банка АД Скопје
   даночен број: МК4030996125112

2. Д.Н.Т.У. "БОНУМ" - Скопје
   претставувано од Бојан Георгиевски
   во понатамошен текст: Купувач
   жиро сметка: 300000001212924
   депонент на: Комерцијална банка АД Скопје
   даночен број: МК4030992219166

Член 1

Предмет на овој договор е купопродажба односно испорака на индустриско отпадно железо во сопственост на продавачот, а за потреби на купувачот кое ќе биде селектирано како следи:

- старо железо прва класа со дебелина над 6 мм
- старо железо втора класа со дебелина помеѓу 3-6 мм
- старо железо трета класа со дебелина до 3 мм

Член 2

Продавачот и купувачот се согласни цената на железото предмет на овој договор да се формира според ценовникот на МАКСТИЛ АД Скопје, односно со 1.2 денара за кг. во зависност од формираните цени за откуп на старо железо на МАКСТИЛ АД Скопје.

Член 3

Купопродажната цена утврдена во член 2 од овој договор е на база на паритет ФЦО Механизација на ГРАНИТ АД и во истата не е вкучен ДДВ, транспортните трошоци се на товар на купувачот.

Член 4

Времето и начинот на испораката на предметното железо ќе биде утврдено со писмено известување помеѓу продавачот и купувачот.

Член 5

Испораката на предметното железо ќе се врши сукцесивно односно по претходно договорена динамика помеѓу продавачот и купувачот, во количини согласно количините на старо железо со кои располага продавачот.

Член 6

Испорачаното железо ќе биде ... а трошоците за ... на железото ќе бидат на товар на купувачот.

... приемот на железото, меродавна е вагата на продавачот (Бетонска база ...

Член 7

Плаќањето за испорачаното железо купувачот ќе го врши по вирмански пат, во ... од испораката на железото.

За извршената испорака на железото продавачот на купувачот ќе му достави ... фактура.

Член 8

Овој договор се склучува на неопределено време и истиот може да се раскине ... или еднострано доколку една од договорните страни не ги почитува одредбите на овој договор.

Член 9

За се што не е предвидено со овој договор важат одредбите од ЗОО.

Член 10

Во случај на спор истиот ќе се решава пред надлежниот суд во Скопје.

Член 11

Овој договор е составен во 4 (четири) истоветни примероци по 2 (два) за секоја договорна страна.

Продавач

... ИМТ А.Д Скопје
Овластено лице
... Голев

Купувач

Д.Т.П.У. БОНУМ- Скопје
Бојан Георгиевски
Управител